Република Македонија
Национална установа
Театар за деца и младинци
Бр. 02-666/3
23.08 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 77-е, член 77-ж и член 77-з од Законот за културата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14,61/15,154/15, 39/16, 11/18 и 11/18“), согласно член 21 од Законот за работни односи - Пречистен текст („Сл.Весник на РСМ бр.167/2015 и 27/16“), член 12 став (2) алинеја 7 од Статутот на НУ Театар за деца и младинци – Скопје, Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување за давателите на јавни услуги во НУ Театар за деца и младинци – Скопје, Записникот од Комисијата за спроведување на постапка за вработување бр.02-666/1 од 21.08.2019 година и Предлог - Одлуката на Комисијата под бр.02-666/2 од 21.08.2019 година, директорот на НУ Театар за деца и младинци - Скопје, на ден 23.08.2019 г., ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За избор на кандидати за вработување

## по оглас бр.02-464/2 од 01.06.2019 г.

1.По јавниот оглас бр.02-464/2 од 01.06.2019 година за вработување на 1 (едно) лице на работно место Инспициент - асистент со шифра на работно место КУЛ 0304(Б02)009, на неопределено време во Националната Установа Театар за деца и младинци - Скопје, избран е следниот кандидат:

**1.Ирена Глигороска**

2.Врз основа на оваа Одлука ќе се донесе Решение за вработување и со избраниот кандидат од точка 1 од оваа Одлука ќе се потпише Договор за вработување.

3.Одлуката стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Театарот за деца и младинци – Скопје врз основа на член 76-а, 76-в, член 77-а став (1) и став (2), член 77-б, 77-в став (1), 77-г и член 77-д од Законот за култура, Согласно член 21 од Законот за работни односи - Пречистен текст („Сл.Весник на РСМ бр.167/2015 и 27/16“) а во врска со Одлуката за објавување на јавен оглас бр.02-464/1 од 30.05.2019 година, Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и пријавата за вработување на даватели на јавни услуги во Националната установа „Театар за деца и младинци“ – Скопје бр.02-28/3 од 14.01.2019 година и Согласноста од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства бр.04-94/2 од

07.02.2019 година, на ден 01.06.2019 година објави Јавен оглас со број 02-464/2 од 01.06.2019 година во дневните весници „Независен" и „Слободен печат" на македонски јазик и „Лајм" на албански јазик за вработување на еден (1) извршител за работно место Инспициент - асистент со шифра на работно место КУЛ 0304(Б02)009 на неопределено време. По извршената административна селекција и проверка на веродостојноста на доказите и по спроведеното интервју на кандидатите на ден 21.08.2019 година со почеток во 10 часот од страна на Комисијата за спроведување на постапка за вработување номинирана од Министерството за култура со Решение бр.03-570/2 од 16.07.2019 година, Записникот од спроведеното интервју со бр.02-666/1 од 21.08.2019 година и Предлог – Одлуката за избор на кандидат од страна на Комисијата со бр.02-666/2 од 21.08.2019, Комисијата смета дека во однос на организациските, координативните, продукциските и меѓучовечките односи избраниот кандидат во целост одговара за извршување на работните обврски и задачи што се однесуваат на соодветното работно место, имајќи го предевид горенаведеното, директорот одлучи како во дизпозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Секој незадоволен кандидат има право во рок од осум дена од приемот на Одлуката да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ Театар за деца и младинци - Скопје.

23.08.2019 година
Доставено до:
Архива и
Кандидати
Огласна табла и веб страна

НУ Театар за деца и младинци - Скопје
Директор
Катарина Илиевска Силјановска